( Образец ПП……)

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА
Примено: 20-07-2022
Организациона единица | Број | Прилог | Вредност
11-911/1

**До:** Општина Битола-Цветанка Ристевска, одговорно лице за посредување со информации од јавен карактер
**(имател на информацијата)**

## Б А Р А Њ Е

## ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

Од:

(се наведуваат податоци за Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Застапник / полномошник на барателот на информацијата:
(се наведуваат податоци за можниот застапник/полномошник на Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ги барам следните информации од јавен карактер:

1. Согласно член 28, став 1 од Закон за заштита и благосостојба на животните, општините се надлежни да вршат собирање на бездомни кучиња кои што ќе ги затекнат на јавна површина без присуство на сопственик и истите да ги сместуваат во соодветни објекти-прифстилишта. Од податоците кои што ги добивме од Регистарот на Агенција за храна и ветеринарство (АХВ), Општина Битола нема регистрирано сопствено прифатилиште за бездомни животни. Затоа, во насока на исполнување на обврските од член 28, став 1 од Законот, предмет на моето барање за информација од јавен карактер е **дали Општина Битола има склучувано договори за заловување на бездомни кучиња со приватни економски оператори кои имаат регистрирано прифатилиште во АХВ за календарските 2020, 2021, 2022 година?**

2. Доколку вашата општина ја има прифатено праксата да ја делегира обврската за склучување на договори за јавни набавки за заловување на бездомни кучиња на локалното комунално јавно претпријатие или друго правно лице основано од општината, тогаш **бараме да постапите согласно член 18 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, во рок од 3 дена од денот на приемот на барањето да го препратите истото до имателот на информации**, кој според содржината на барањето е оној кој навистина ја поседува оваа информација. Од јавно достапните информации на веб-страната на општина Битола, каде што може да се најде **Програмата за контрола на популација на бездомни кучиња од 2019 година,** каде што се наведува дека општината делегира обврска на ЈКП Комуналец да склучува договори за ветеринарни услуги со приватни економски оператори**.** На пример**, на ден 16.03.2020 година ЈКП Комуналец склучува договор за ветеринарни услуги со Вет Макс Дооел од Битола во вредност од 236**

**000 денари,** кој што има времетраење од една година, што значи дека е завршен во март, 2021 година. Прашањето **наше е дали ЈКП Комуналец има склучувано подоцнежни договори со приватни економски оператори, на пример за календарските 2021 и 2022 година?** Од нашиот увид во регистарот кој го води Агенцијата за храна и ветеринарство (АХВ), можеме да констатираме дека ниту ЈКП Комуналец, ниту пак економскиот оператор Вет Макс Дооел од Битола е евидентиран како субјект кој има во своја сопственост прифатилиште за бездомни кучиња? Согласно **член 29, став 1** од Законот за заштита и благосостојба на животните, прифатилиштата треба да бидат одобрени од АХВ, а се предвидува и прекршочна одговорност во висина **од 1500 евра** за општината која врши собирање на кучиња во прифатилишта кои не се одобрени од АХВ, според **член 65, став 1, точка 49.**

3. Во врска со склучените договори за заловување на бездомни кучиња на територијата на Општина Битола за 2019, 2020, 2021 и првата половвина од 2022 година, бараме од вас, или пак ЈКП Комуналец како извршувач на програмата, да ми **доставите увид во евиденцијата за исполнување на договорите, на начин и форма на кој што тоа го имате воспоставено како пракса?**
   Извештаите бараме да бидат изготвени согласно форматот определен со член 9, став (1), точка 1 од Правилникот за техничките услови за прифатилиштата (141/10) и член 20, став (2), точка 1 од Правилникот за интервенции и третман на бездомните кучиња (44/21). Напоменуваме дека водењето на евиденција е законска обврска на давателот на услугите со кој Општина Битола (или ЈКП Комуналец) има склучено договор и не смее да отстапува од пропишаниот формат

4. Согласно член 28, став 3 од Закон за заштита и благосостојба на животните, општините се должни да усвојат План и Програма врз основа на што ќе се врши контрола на популацијата на бездомни кучиња и истите да ги достават на одобрување во АХВ. Предмет на моето барање за информација од јавен карактер е дали **Советот на Општина Битола има донесено Програма за контрола на популација на бездомни кучиња и дали истата ја има доставувано до АХВ на одобрување?**
   Од вашата веб-страна единствено успеавме да ја пронајдеме **Програмата за решавање на проблеми со бездомни животни на подрачјето на Општина Битола од 22.05.2019 година.** Доколку имате донесено програми од понов датум за односната област, барам да ни ги доставите на увид? Дали истите ги имате доставувано до АХВ на одобрување?

5. Износ на **висина на трошоци** на кои е изложена Општина Битола во постапките пред надлежни судови во предмети за **одговорност на надомест на штета причинета од каснување на граѓани од бездомни кучиња за временскиот период 2019-2021 година?**

(опис на информацијата која се бара)

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија
- **г) електронски запис**
- д) друго ______________________________________
(се наведува бараниот начин, со заокружување)

**Начин на доставување на информацијата:**

- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- **г) е-маил (на електронската пошта на**
- д) друго ______________________________________
(се наведува бараниот начин, со заокружување)

**Правна поука:** Барателот не е должен да го образложи барањето, но е потребно да наведе дека се работи за Барање за слободен пристап до информација од јавен карактер.

**П.С.** Ние сме невладина организација за заштита на права на животни, коај моментално работи на истражување за состојбите со проблемот со бездомни кучиња кај повеќето општини во Република Северна Македонија. Информациите кои што се предмет на нашето барање за информација од јавен карактер треба да ни послужат за да добиеме генерална слика за нашето истражување и да можеме да подготвиме policy report со препораки за подобрување на ситуацијата во пракса. Сакаме да ве информираме како општина дека постојат доста програми кои што се дел од Инструментот за претпристапна помош на Европската Унија (ИПА) 3, кои што предвидуваат финансиска поддршка заради зајакнување на способностите на општините за решавање на проблемот со бездомни кучиња. Од таму, се надеваме дека ова ќе биде почетокот на добра соработка помеѓу нашата невладина организација и вашата општина и се надеваме дека во догледно време ќе можеме да ви предложиме реален и конкретен предлог за финансиска поддршка на вашата општина, а во насока на минимизрање на проблемот со бездомни кучиња.

**20.07.2022 година .**

ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за правно - нормативни, административни и општи работи**
**Одделение за административни и општи работи**

До
Тони Јовановски
Раководител на сектор за спроведување на урбанистички планови, урбанистичко планирање, заштита на животна средина, комунални дејности и уредување на градежно земјиште

Бр.11-91/2
21.07.2022

**Предмет: Доставување на Барање за пристап до информации од јавен карактер**

Ви го доставувам барањето бр. 11-91/1 за пристап до информации од јавен карактер, поднесено од

Ве молам за писмено известување по однос на истото (одговор) во рок од 5 работни дена.

22.07.2022

Лице за посредување при остварување
на слободен пристап до информации
од јавен карактер
Цветанка Ристевска

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА * ОПШТИНА БИТОЛА IV

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Северна Македонија
тел: 047 234 234 047 208 302 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@t-home.mk www.bitola.gov.mk

ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за правно - нормативни, административни и општи работи**
**Одделение за административни и општи работи**

До
Зоран Дојчиновски
Лице за посредување при остварување
на правото на пристап до информации
од јавен карактер
ЈП Комуналец - Битола

Бр.11-91/3
22.07.2022

**Предмет: Доставување на Барање за пристап до информации од јавен карактер**

Согласно член 18 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, Ви го доставувам на понатамошно постапување барањето бр. 11-91/1 за пристап до информации од јавен карактер, доставено од до Општина Битола.

Од доставеното барање, општина Битола ќе одговори на прашањата под број 1, 4 и 5.
Ве молиме да одговорите на прашањата под број 2 и 3 во директна комуникација со барателот.

Лице за посредување при остварување
на слободен пристап до информации
од јавен карактер
Цветанка Ристевска

Република Северна Македонија * Општина Битола

примил
Зоран Дојчиновски
22.07.2022

Јавно претпријатие П.О. Комуналец Битола

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА

| Примено: | 22-07-2022 | | |
|---|---|---|---|
| Организациона единица | Број | Прилог | Вредност |
| 11-914/4 | | | |

ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за спроведување на урбанистички планови, урбанистичко планирање, заштита на животната средина, комунални дејности и уредување на градежно земјиште**

Одделение за урбанистичко планирање и заштита на животната средина

Сл-31

22.07.2022 год.

Битола

До

Цветанка Ристевска

ПРЕДМЕТ: Одговор на Барање

Во врска со Барање бр.11-914/2 од 21.07.2022 година, а се однесува на Доставување на информации од јавен карактер поднесено од Ве информираме дека Одделението за урбанистичко планирање и заштита на животната средина ќе Ви одговори само на оние прашања за кои има надлежност.

1.Во врска со склучените Договори за бездомни кучиња со приватни економски оператори кои имаат регистрирано профатилиште во АХВ за календарските 2020,2021 и 2022 година.

Ве информираме дека за годините 2020/21 година Согласно Програмата за решавање на проблемите со бездомните животни на подрачјето на Општина Битола во 2019 година Глава 2 Основни цели на програмата е наведено дека програмата ќе се спроведува во две фази, во првата фаза до изградбата на стационаротт, ЈП Комуналец е задолжен за реализација на програмата во соработка со општината.

Што се однесува за 2022 година, Општина Битола има склучено договор бр.08-281/1 од 14.03.2022 година со Договорниот орган (еконимски операторт) Зебра Ветерина ДОО Демир Хисар.

После истекување на Договорот со економскиот оператор, извршени се измени на Програмата за животна средина за 2022 година, обезбедени се средства за Јавна набавка во времетраење од 1 година за Услуги за заловување и стручен третман на кучиња скитници и нерегистрирани кучиња на територијата на општина Битола.

Во моментот во тек е јавната набавка со бр.11688/22.

2.Во врска со прашање број 2, а се однесува на тоа дали ЈКП Комуналец има склучувано продолжени доовори со приватни оператори во калентарските 2021 и 2022 година, Ве информираме дека за овие информации треба да се обратите до јавното претпријатие и тоа само за 2021 година, бидејќи за информации за тековната 2022 година одговорот е даден во претходното прашање.

Предлагач:

Градоначалник на Општина Битола

Изработува:

Одделение за урбанистичко планирање и заштита на животна средина

Претставници:

Александра Ангеловска

Љубо Атанасовски диа

Валентина А. Кривашија диа

# Програма за решавање на проблемот со бездомните животни на подрачје на Општина Битола

Разгледува : Комисија за заштита на човековата средина

Донесува : Совет на Општина Битола

Битола, Април 2022

Програмата за решавање на проблемот со бездомните животни – третман на бездомни кучиња, односно нерегистрирани и регистрирани кучиња, затекнати на јавни површини без присуство на сопственикот, е во согласност со членовите 26,27,28,29 и член 30 од Законот за заштита на благосостојбата на животните („Службен весник на РМ„ бр. 149/14; 149/15 и 53/16 ) и обврските на општините кои произлегуваат од истиот закон.

## 1.Вовед

Со оваа Програма се утврдуваат активностите за третирање на бездомните кучиња скитници условите, организацијата и обемот на извршувањето.

За решавање на проблемот поврзан со зголеменото присуство на бездомни кучиња, односно за контрола на нивниот број од страна на Светската здравствена организација за заштита на животните и позитивните законски прописи во Република Северна Македонија, единствено е можен хуманиот начин на третирање на овие животни.

Хуманиот третман подразбира згрижување и заштита на животните, но и заштита на безбедноста и здравјето на граѓаните во општината.

Поточно оваа Програма подразбира заловување и масовна стерилизација / кастрација и вакцинација на бездомните животни, т.е. сите животни дефинирани како слободни на одредена територија. После стерилизацијата / кастрацијата сите животни се вакцинирани, обележани ( ушна маркичка или чип ), фотографирани и регистрирани и истите се враќаат на територијата од којашто биле заловени и каде што продолжуваат да живеат.

## 2. Основни цели на програмата

Главна цел на Програмата е контрола над популацијата на бездомните кучиња во Општина Битола, ефикасно, одговорно, хумано, трајно надминување на проблемот со што ќе се гарантира здравствената заштита и јавната безбедност на населението и ќе се обезбеди спречување на прилив на нови кучиња на улица преку следните мерки:

2.1 Спроведување на стратегијата „залови-стерилизирај-вакцинирај-врати“ на бездомните кучиња и сите кучиња кои се затекнати слободни на улица;

2.2 Вдомување

2.3 Волонтирање

2.4 Едукација односно казнени мерки[1]

2.5 Казнени мерки за неспроведување на закон за физичко лице

2.6 Казнени мерки за неспроведување на закон за правно лице

1) Предвидени со Законот за благосостојба на животните (Службен весник РСм бр.149/14,149/15, и 53/16) со кои ќе се поттикне и дефинира одговорното чување на домашните миленици (забрана за неконтролирано размножување на милениците освен во услови дефинирани со Законот, како и забрана за нивно напуштање) Согласно Закон, за постапување по однос на казнените мерки е надлежна Агенција за храна и ветеринарство

Спроведувањето на оваа Програма воспоставува т.е. гарантира минимална и контролирана бројка на напуштени кучиња на јавните места кои ја штитат локацијата од прилив на нови единки (непознати на населението, репродуктивно способни), со што се избегнуваат непристојните и потешките последици за граѓаните и самите животни.

Програмата ќе се одвива во две фази кои се условени од расположлив простор, финансиски можности како и стручна подготвеност.

1. Првата фаза го опфаќа решавањето на проблемот со бездомните кучиња во периодот до изградба на прифатен центар-стационар, со набавка на услуга за заловување и стручен третман на кучиња скитници и нерегистрирани кучиња на територијата на Општина Битола
2. Втората фаза е подготовка за решавање на проблемот со бездомните кучиња после изградбата на регионалниот прифатен центар

Во првата фаза од Програмата Општина Битола ќе спроведи Јавна набавка за услуги за заловување и стручен третман на кучињата скитници и нерегистрираните кучиња на територијата на општината со Прифатилишта одобрени од Агенцијата

## 4. Предмет на програмата

Предмет на програмата е определување на мерки и активности што треба да се преземат во иднина за ефикасна контрола и заштита на популацијата на бездомни кучиња .

Активностите за хумано третирање на бездомни кучиња – скитници на територијата на Општина Битола подразбираат спроведување на стратегијата „ залови- стерилизирај- вакцинирај- врати “ на бездомните кучиња и истата вклучува::

- заловување на животните
- нивен транспорт до стационарот
- прием и преглед од овластен ветеринар
- лабараториско испитување на животните на одредени болести
- идентификација и водење евиденција
- овариохистеректомија и орхиектомија
- постоперативно сместување, лекување и нега
- вакцинација и дехелментација
- повторно враќање на животните на локацијата од каде биле заловени – еутаназија на многу болни и екстремно агресивни животни по средината, доколку не се вдомат .

### 4.1 Вдомување

- Посвојувањето и вдомувањето е најхуман начин за згрижување на напуштените кучиња.Сите животни кои се вдомуваат мора да бидат вакцинирани, стерилизирани и да имаат микрочип.

## 4.2 Заловување и транспорт

Изборот на персонал треба да биде соодветен на самата процедура, лицата треба да бидат обучени и сертифицирани за користење на методите за хумано заловување.Работниците ангажирани за заловување на бездомните животни се опремени со соодветна униформа и средства за лична хигиена, како и опрема: соодветно возило и приколка, јамка и мрежа за заловување, пушка (сафари) за привремено успивање со средство за времена парализа успивање, корпи – кафези за транспорт, околувратници и водилки, соодветни средства и опрема за евиденција и идентификација на заловените животни.

## 4.3 Стационар и медицински третман

Секое заловено животно се носи во центар за третирање на бездомни кучиња, каде треба да подлежи на клинички преглед, хирушки зафат – стерилизација/ кастрација, вакцинација, прочистување од внатрешни и надворешни паразити . Неопходно е и секое животно да биде евидентирано / регистрирано во дата база на податоци, како и обележано ( со ушна маркица чипирање или пластифициран колан ) на начин на кој нема да му претставува болка или траума.

## 5.Едукација и подигнување на јавната свест кај населението

Подигнување на јавната свест е клучна за справување со проблемот на кучињата скитници. Општината е должна да обезбеди комуникација со граѓаните преку разни форми на едукативни и промотивни активности за подигнување на јавната свест за постапување со бездомните кучиња, да организира акции и настани за вдомување на кучињата .

## 6.Обем на активности

Се предвидува интензитетот на заловување на бездомните кучиња во Општина Битола да биде околу 8 кучиња месечно (100 годишно), согласно капацитетите на Операторот избран на Јавна набавка до изградба на прифатилиштето.

## 7. Изведувач на програмата

Годишната програма ќе ја реализира Општина Битола во соработка со Операторот избран на Јавна набавка до изградба на прифатилиштето, кој ги исполнува условите за изведување на активностите согласно закон .

## 8.Финансирање на програмата

Предвидените средства ќе се користат за реализација на Програмата до изградба на прифатен центар- стационар.

Цените за ветеринарниот третман предвидени со оваа Програма се дефинираат од најповолен понудувач, избран со јавна набавка.

Предвидени средства: 400 000 денари.

## 9. Реализација на програмата

За реализација на Програмата се поднесува Извештај за нејзиното спроведување, по завршување на годината која изминала .

## 10. Завршни одредби

- Годишната програма ќе биде објавена во службено гласило на Општина Битола;
- Програмата влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општината Битола.

Доносител :

Совет на Општина Битола

Битола

Април 2022

ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за правно - нормативни, административни и општи работи**
**Одделение за административни и општи работи**

До
Весна Георгиевска
Раководител на одделение за сметководство

Бр.11-91/5
25.07.2022

**Предмет: Доставување на Барање за пристап до информации од јавен карактер**

Ви го доставувам барањето бр. 11-91/1 за пристап до информации од јавен карактер, поднесено од

Ве молам за писмено известување (одговор) по однос на точката 5 во рок од 5 работни дена.

Лице за посредување при остварување
на слободен пристап до информации
од јавен карактер
Цветанка Ристевска

примил:
25.07.2022
М.С. Христовска

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Северна Македонија
тел: 047 234 234 047 208 302 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@t-home.mk www.bitola.gov.mk

ОПШТИНА БИТОЛА

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА

| Примено: | 25-07-2022 | | |
|---|---|---|---|
| Организациона единица | Број | Прилог | Вредност |
| 11-91/6 | | | |

**Сектор за финансиски прашања**
Одделение за сметководство

**До**
**Лице за посредување при остварување**
**на слободен пристап до информации**
**од јавен карактер**
**Раководител Цветанка Ристевска**

**Бр.22-1/195**
**25.07.2022**

**Предмет: Одговор на Барање за пристап до информации од јавен карактер**

Почитувани,

Врз основа на Ваше барање бр.11-91/5 од 25.07.2022 г. за пристап до информации од јавен карактер, поднесено од писмено Ве известуваме по однос на точката 5 за износот на висината трошоците на кои е изложена Општина Битола во постапката пред надлежните судови во предмети за **одговорност на надомест на штета причинета од каснување на граѓани од бездомни кучиња за временски период 2019-2021 година** и тоа:

**-за 2019 година вкупно исплатени трошоци 45.000 денари,**
**-за 2020 година не се исплатени средства и**
**-за 2021 година вкупно исплатени трошоци 969.004 денари.**

Со почит

**Изработил:**
**Советник за изготвување**
**на годишни и кавртални**
**извештаи**
м-р Марија Савевска Христовска

**Контролирал:**
**Одговорен сметководител**
Олга Толевска

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА

**Одобрил:**
**Раководител на одделение**
**за сметководство и плаќање**
Весна Георгиевска

**Битола**
**25.07.2022**

ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за правно - нормативни, административни и општи работи**
**Одделение за административни и општи работи**

Бр.11-91/7
26.07.2022

Врз основа на член 20, став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019), постапувајќи по Барањето информација од јавен карактер од барателот **од Скопје** поднесено на **20.07.2022 година**, имателот на информацијата **Општина Битола** го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

Барањето од по предметот Барање за пристап до информации од јавен карактер: Прашање бр.1 Дали општина Битола има склучувано договори за заловување на бездомни кучиња со приватни економски оператори за 2020, 2021,2022 година? Прашање бр.2 Доколку вашата општина ја има делегирано праксата да ја делегира обврската за склучување на договори за јавни набавки за заловување на бездомни кучиња согласно член 18 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, во рок од 3 дена од денот на приемот на барањето да го препратите до имателот на информации. Прашање бр. 3 Увид во евиденцијата за исполнување на договорите. Прашање бр. 4 Дали Советот на Општина Битола има донесено програма за контрола на популација на бездомни кучиња и дали истата ја има доставено до АХВ на одобрување? Прашање бр. 5 Износ на висина на трошоци на кои е изложена Оптина Битола во постапките пред надлежни судови? **(детален опис на прашањата во барањето во прилог на решението)**

**СЕ УВАЖУВА**

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Врз основа на Барањето информација од јавен карактер доставено од имателот на информацијата **Општина Битола ви ја доставува информацијата:**

**Во Прилог:**

1. Копија од барање за пристап до информации од јавен карактер со бр.11-91/1
2. Допис до Сектор за спроведување на урбанистички планови, урбанистичко планирање, заштита на животната средина, комунални дејности и уредување на градежно земјиште со бр.11-91/2 од 21.07.2022
3. Достава на барање до ЈП Комуналец со бр. 11-91/3 од 22.07.2022 ( Согласно член 18 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, прашањата под број 2 и 3 се доставени до ЈП Комуналец )
4. Одговор од Сектор за спроведување на урбанистички планови, урбанистичко планирање, заштита на животната средина, комунални дејности и уредување на градежно земјиште со бр. 11-91/4 од 22.07.2022
5. Допис до Одделение за сметководство со бр. 11-91/5 од 25.07.2022
6. Одговор од Одделение за сметководство со бр. 11-91/6 од 25.07.2022

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Северна Македонија
тел: 047 234 234 047 208 302 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@t-home.mk www.bitola.gov.mk

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото наслободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.

Решено во **Општина Битола** на 26.07.2022 година, под бр. 11-91/7.

**Службено лице за посредување при остварување**
**на правото на слободен пристап**
**до информации од јавен карактер**
**Цветанка Ристевска**

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Македонија

тел: 047 234 234 047 208 302 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@t-home.mk www.bitola.gov.mk